# ИВАН ВЕЛКОВ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# ИВАН ВЕЛКОВ

СКОПЈЕ 22-XII-1967 — 20-I-1968

Будењето на ликовниот свет од Иван Велков, периодот на неговото формирање меѓу Љубљана и Белград се совпаѓа со преломното време во современата југословенска уметност: вулгарно-социјалните догми прифатени без афинитет брзо се напуштени, а на ликовното дело повратен му е неговиот ликовен еквивалент. Во широкиот спектар на југословенските уметнички настојувања отпочнува интензивно барање на сопствен израз, како потврда на заокружен, издиференциран уметнички профил.

Иван Велков, роден за цртач, минувајќи низ Академијата во Љубљана, која негува студиозен однос кон овој основен елемент на ликовната форма, во преломниот интервал (1952-56) на современата југословенска уметност го пронаоѓа другиот, неминовен сликарски, пиктурален корелат во сликарското ателје на Зора Петровиќ во Белград. Нејзината пастуозна, звучна сликарска фактура изразена во монументалните портрети на селанки само во миг го привлекува Велков. Тој е, очигледно, понесен од еден друг извор на човечката егзистенција што го пренесува и поставува во координатите на урбаниот животен ритам. Тоа се аквариуми со риби проникани со поетика на мали ентериjерни затворени светови, момчиња со харлекински изглед, синтетизирани велеградски панорами компонирани со мондријановски кубови. Транспонирањето на тој свет, затворен и замислен над своето постоење, со призвук на експресионистичка, психолошки осмислена човечка трагика се појавува во геометриски, помалку кубистички заокружувања, без да биде човечката фигура расчленета на нејзините составни (сликарски) елементи. Овие афинитети на Велков не се непознати во општите уметнички настојувања, но тие се отварање кон извесни постигнувања што ја поттикнуваат неговата сликарска визија во создавање на сопствен придонес.

Тоа Велков и го постигнува: неговите разиграни ждрепци во имагинарен простор, варијации на девојки во тивка конверзација, претставени низ еден благ кубизам со шикори плохи, веќе ја диференцираат индивидуалноста на еден уметнички опус.

Овие присутности го поставуваат уметникот во преиспитување на прејдениот пат. Тоа е пред сè разбирливо тежнеење за пресметка со себе, својата изразна материја и нејзините можности. Тој го бара сликарското постоење во потполно еманципирање на општите ликовни токови, исполнети со спротивности. Тогаш отпочнува да созрева и афинитетот кон рудиментарните облици на прастари тотемски знамења и нивното сликарско овоплотување, што ќе остане повеќегодишна преокупација во творењето на Велков. Отпочнува период на уметничко диференцирање, со потполно заокружен ликовен израз.

Основниот прелом во уметничкото дело на Велков, снажно навестен на прагот од 1961 година остави печат што се чувствува повеќе години; тој е битен за неговиот еволутивен пат сè до денес. Без носталгија е напуштен еден свет на своевидна поетика за кого ликовната есеистика често пати наоѓаше суперлативи претскажувајќи му по тој пат охрабрувачки резултати. Суштината на ова поместување, меѓутоа, се објаснува со резултатите: овој пат на анализата ѝ е претпоставено лапидарно заокружување, метафора, тешки каденци, облици со сугестивна фактура.

Полихромноста и конструктивистичката среденост, антропоморфниот свет и традиционалната композиција заменети се со архаични знаци организирани во кругови и ѕвезди, замислени како апликација врз монохромниот фон. Велков донесува енформелен третман на материјата, но таа сè уште има блесок на фајанс иако стреми кон рудиментарност. Уметниковата отвореност кон светските уметнички токови од една страна се подржува со неговиот афинитет кон филигранска орнаментарност која не се транспонира во својата барокно-ажурна миницуозност, туку се превозмогнува низ еден специфичен макро-план претворувајќи се во значајна животна симболика.

Велков никогаш, низ сите свои мени, логични за неговиот еволутивен пат, не го издава едно негувано чувство за карактерот и суштината на ликовното дело. Тоа е чувството за организација на сликарските елементи, животот

на формите, немиот говор на материјализираните плохи. Тој квалитет, поткрепен со неговиот цртеж „a la prima" претставува достигнување само по себе.

Еднаш зачекорен во сферата на облиците од исчезнатите цивилизации со свој, автентичен ликовен јазик, Велков повеќе години ја бара нивната квинтесенција, битната порака во времето и просторот. По тој пат, филигранскиот блесок постепено се елеминира, а површините на неговите дела материјализирани се со чувство за една пригушена гама низ која се навестува висок сликарски рафинман, изразен со негување на секој дел од насликаната површина. Врз тој фон од облагородени плохи се појавуваат облици на синтентизирани симболи, чие што потекло може да ги напомнува прасловенските, богумилски плочи, глаголските натписи, но ништо помалку и делата од воневропските стари култури. Низ нивното преобразување во сликите на Велков тие се појавуваат само со својата примарна асоцијација, а сликарската порака се чувствува низ ликовното транспонирање.

Немирот, меѓутоа, повторно го води уметникот во истражувачка драма. Веќе прокламираниот израз, што го чини сликарството на Иван Велков автономно и заокружено во современата македонска ликовна уметност, авторот сака да го подложи на чисто ликовни преиспитувања. И сега, тој не го исклучува својот императив на ред, геометрија, конструктивизам, компонента присутна уште во првите години на неговото творештво.

Во најновиот циклус Иван Велков своите тотеми и архаични знаци ги распоредува во рационална композиција, во нови односи на контрастирани маси и површини. Сугестивноста на уметничката порака во најновите дела го пронаоѓа својот еквивалент во спротиставувањето на пиктурални плохи. На овој нималку едноставен пат каде може да дебнее опасноста од декоративност, која ги смирува архаичните облици, Иван Велков го потврдува сликарскиот домен со своето извонредно чувство за вредноста на сликарската материја, за еден вроден и изградуван сликарски артизам, што никогаш не преоѓа во артфициелност. Да ли е уметничкото дело на Иван Велков пред некоја пресвртница? Потврдената вистина дека уметникот не може да не

ги projавува белезите на својот темперамент ја сугерира и помислата дека Велков навистина останува доследен на себе.

Во општиот ликовен спектар на тенденциите во современото македонско сликарство, посебно значење имаат токовите со видлив интерес кон креативно транспонирање на културното наследство од изминатите цивилизации. Кон тоа настојување со целата своја специфичност му припаѓа и Иван Велков. Инспирирањето од културните слоеви на наше тло, сосема разбирливо, ги донесува можностите за формирање на специфична уметност која што може, во зависност од творечката сила на уметниците, да го даде и својот придонес во хетерогените настојувања на современата уметност воопшто.

На тој пат, еден од суштинските проблеми се сврзува со можноста ликовната апаратура на исчезнатите цивилизации или општиот симболично-магичен карактер на нивната естетика, синтетизиран или транспониран, да не стане цел сам за себе во нашата современа уметност. Во контекст на тоа размислување од посебно значење би било настојувањето на Велков, како и на уметниците со блиска или слична инспирација, врз творењето на еден ликовен свет со морфологијата на старите облици приближен до сензибилитетот на нашето време. Тоа е проблем не само на изразната фактура туку и на нејзиното хумано надраснување, на уметност ослободена од ретардирана конвенционалност, а проткаена со внатрешни содржински пораки.

**Цветан Грозданов**



ИВАН ВЕЛКОВ, академски сликар

Роден во Врање 22. април 1930. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1953. Завршил „специјалка“ во Белград 1955. Специјализација во Париз, студиски боравок во Италија. Член на ДЛУМ и групата Мугри. Се занимава со сликарство, графика и илустрација.

Адреса: Иван Велков, ул. „953“ бр. 22, Скопје

**Самостојни изложби**

1960 — Врање
1961 — Скопје, Салон на ДСВР
1962 — Белград, Галерија УЛУС
— Струмица, Работнички универзитет
1965 — Скопје, Галерија Работнички дом (минијатури)

**Групни изложби:**

1954 — Скопје: IX изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Загреб: Изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
1955 — Љубљана: Изложба на ДЛУМ, Јакопичев павиљон
— Сарајево: Изложба на ДЛУМ, Изложбени павиљон
— Скопје: X јубилејна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
1956 — Скопје: XI изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
1957 — Скопје: I изложба на графика, Дом на ЈНА
— Мексико Сити: Изложба „Модерна југословенска графика“
— Белград: Изложба „Савремена македонска графика“, Галерија Графички колектив
— Скопје: I пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Белград: Изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
— Скопје: XII изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
1958 — Скопје: XIII изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
— Загреб: Изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
— Марибор: Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје: II пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
1959 — Скопје: Велков, Куноски, Мазев, Салон на ДСВР
— Титоград: Изложба „Современа македонска уметност“
— Белград: Изложба „Современа македонска уметност“
— Скопје: XIV изложба на ДЛУМ, Уметнички павиљон
— Скопје: Изложба „15 години ликовно творештво во Македонија“, Уметнички павиљон

1960 — Скопје: I изложба на групата Мугри, Уметнички павилјон

— Скопје: XV изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

— Скопје: Изложба „Македонски пејсаж“, Уметничка галерија

— Скопје: IV пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

1961 — Белград: Изложба на групата Мугри, Уметнички павилјон

— Охрид: Изложба „Охридски мотиви“, Народен музеј

— Скопје: V пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

— Скопје: Ревијална есенска изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

— Прилеп: Изложба посветена на 20 годишнината на Народната револуција, Дом на ЈНА

1962 — Дижон: Изложба „Современа македонска уметност“

— Ријека: II биенале на младите, Модерна галерија

— Скопје: Изложба „Скопје низ ликовни дела“, Уметничка галерија

— Скопје: XVII изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

— Скопје: Изложба „Македонски портрет XIX—XX век“, Уметничка галерија

1963 — Белград: Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон

1964 — Скопје: Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

— Словењ Градец: Изложба Македонски ликовни уметници, Уметнички павилјон

— Скопје: Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

— Лондон—Брадфорд: Изложба „Скопски уметници за Скопје„

1965 — Скопје: Изложба „Современа македонска уметност“, ДЛУМ, Собрание на СРМ

— Скопје: Изложба „Скопје 1963 низ ликовните творби“, Музеј на град Скопје

— Скопје: Изложба на Тринаесетмината, Уметничка галерија

— Охрид: Изложба „Десет современи македонски уметници“, Уметничка галерија

— Рим: Изложба „Уметноста во Македонија, денес“, галерија Пенелопе

1966 — Торино: Изложба „Современа македонска уметност“, галерија Ботеро
Нирнберг, Штутгарт, Западен Берлин: Изложба „Шест југословенски уметници“

— Скопје: Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

— Битола: Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

— Скопје: Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

1967 — Скопје: Изложба „Современи македонски уметници — актуелни тенденции“, Музеј на современа уметност

— Белград: III југословенско триенале на ликовните уметности

— Охрид: Иван Велков — Петар Хаџи Бошков, Уметничка галерија

— Битола: Иван Велков — Петар Хаџи Бошков, Уметничка галерија

— Скопје: Изложба „Аспекти на цртежот во Македонија“, Музеј на современа уметност

— Бејрут, Дамаск, Багдад, Триполи: Изложба „Современа југословенска уметност“

Награди: откупна награда на изложбата „Охридски мотиви“, Охрид, 1961.



ИМАГИНАРЕН ТОТЕМ



ОТТРГНАТИ МИЛУВАЊА



КОМПОЗИЦИЈА III

ТРИПТИХ



КОМПОЗИЦИЈА I



КАТАЛОГ

CATALOGUE

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ДРЕВНИ ЗАПИСИ | масло на платно | 82 x 130 | 1962 | |
| | INSCRIPTIONS ANCIENS | huile sur toile | | | |
| 2. | МАГИЧНИ КРУГОВИ | масло на платно | 140 x 100 | 1962 | Сопственост на Уметничка галерија — Скопје |
| | CERCLES MAGIQUES | huile sur toile | | | Propiéte de la Galèrie d'art — Skopje |
| 3. | БЛЕСОК НА СЕЌАВАЊЕТО | масло на платно | 100 x 80 | 1964 | Сопственост на Петре Богданов Кочко |
| | REFLET DE SOUVENIR | huile sur toile | | | Propriété de Petre Bogdanov Kočko |
| 4. | ИМАГИНАРЕН ЦЕНТАР | масло на платно | 75 x 61 | 1965 | Сопственост на инж. Ристо Галиќ |
| | CENTRE IMAGINAIRE | huile sur toile | | | Propriété de ing. Risto Galić |
| 5. | АРХАИЧЕН ИДОЛ | масло на платно | 100 x 65 | 1965 | Сопственост на Неџати Зекерија |
| | IDOLE ARCHAÏQUE | huile sur toile | | | Propriété de Nedžati Zekirija |
| 6. | ИМАГИНАРЕН ТОТЕМ | масло на платно | 140 x 100 | 1965 | |
| | TOTEM IMAGINAIRE | huile sur toile | | | |
| 7. | ЕКЛЕКТИЦИ | масло на платно | 45 x 140 | 1965 | Сопственост на Уметничка галерија — Скопје |
| | LES ÉCLÉCTIQUES | huile sur toile | | | Propriété de la Galèrie d'art — Skopje |
| 8. | ЗАНЕМЕН АЛБАТРОС | масло на платно | 150 x 50 | 1965 | |
| | L'ALBATROS MUET | huile sur toile | | | |
| 9. | АПОТЕОЗА | масло на платно | 110 x 80 | 1965 | Сопственост на Лилјана Хаџи Бошкова |
| | APOTHÉOSE | huile sur toile | | | Pdopriété de Liljana Hadži Boškova |
| 10. | ОТТРГНАТИ МИЛУВАЊА | масло на платно | 150 x 80 | 1965 | Сопственост на Совет за култура на СРМ |
| | CARESSES ARRACHÉES | huile sur toile | | | Propriété du Conseil de culture de RSM |
| 11. | КАРИЈАТИДА | масло на платно | 122 x 33 | 1966 | Сопственост на Совет за култура на СРМ |
| | CARIATIDE | huile sur toile | | | Proptiété du Conseil de culture de RSM. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | ТРЕПЕТИ<br>FRÉMISSEMENTS | масло на платно<br>huile sur toile | 100 x 80 | 1964 |
| 13. | TOTEM<br>TOTEM | масло на платно<br>huile sur toile | 200 x 140 | 1967 |
| 14. | КОРИДА<br>CORIDA | масло на платно<br>huile sur toile | 200 x 75 | 1967 |
| 15. | ЕЛЕГИЈА<br>ÉLÉGIE | масло на платно<br>huile sur toile | 75 x 150 | 1967 |
| 16. | МЕДИТЕРАНСКИ ЗВУЦИ<br>MELODIES MÉDITERRANÉENES | масло на платно<br>huile sur toile | 150 x 36 | 1967 |
| 17. | АРХАИЧЕН ЗАПИС<br>INSCRIPTION ARHAÏQUE | масло на платно<br>huile sur toile | 95 x 60 | 1967 |
| 18. | ТРИПТИХ<br>TRIPTYQUE | масло на платно<br>huile sur toile | 140 x 160 | 1967 |
| 19. | КОМПОЗИЦИЈА I<br>COMPOSITION I | масло на платно<br>huile sur toile | 100 x 141 | 1967 |
| 20. | КОМПОЗИЦИЈА II<br>COMPOSITION II | масло на платно<br>huile sur toile | 75 x 200 | 1967 |
| 21. | КОМПОЗИЦИЈА III<br>COMPOSITION III | масло на платно<br>huile sur toile | 200 x 75 | 1967 |
| 22. | КОМПОЗИЦИЈА IV<br>COMPOSITION IV | масло на платно<br>huile sur toile | 200 x 135 | 1967 |
| 23. | КОМПОЗИЦИЈА V<br>COMPOSITION V | масло на платно<br>huile sur toile | 135 x 200 | 1967 |
| 24. | КОМПОЗИЦИЈА VI<br>COMPOSITION VI | масло на платно<br>huile sur toile | 200 x 75 | 1967 |

IVAN VELKOV, peintre

Né le 22.IV.1930 à Vranje. Études à l'Académie des Beaux-Arts de Ljubljana. 1953 obtint son diplôme à l'Académie des Beux-Arts de Belgrade. Specialisations à Paris, voyage d'étude en Italie. Membre de DLUM et du groupe „Mugri". S'occupe de peinture, gravure et ilustratrion.

Adrese: Velkov Ivan, ul. 953 br. 22, Skopje.

**Expositions individuelles:**

1960 — Vranje.
1961 — Skopje, Foyer de DSVR
1962 — Belgrade, Galèrie d'ULUS
— Strumica, Galèrie — Rabotnički univerzitet
1965 — Skopje, Galèrie — Rabotnički univerzitet (miniatures)

**Expositions collectives:**

1954 — Skopje: IX exposition de DLUM — Galèrie d'art
— Zagreb: Exposition de DLUM — Pavillon d'art
1955 — Ljubljana: Exposition de DLUM — Pavillon Jakopič
— Sarajevo: Exposition de DLUM — Pavillon d'exposition
— Skopje: X exposition jubilaire de DLUM — Galèrie d'art
1956 — Skopje: XI exposition de DLUM, Galèrie d'art
1957 — Skopje: I exposition de la gravure, Foyer de l'Armée
— Mexique City: Exposition „Gravure moderne yougoslave"

— Belgrade: Exposition „Gravure contemporaine macédonienne“ — Galèrie Grafički kolektiv
— Skopje: I exposition de printemps de DLUM — Galèrie d'art
— Skopje: XII exposition de DLUM, — Pavillon d'art
1958 — Skopje: XIII exposition de DLUM — Pavillon d'art
— Zagreb: Exposition de DLUM — Pavillon d'art
— Maribor: Exposition de DLUM — Galèrie d'art
— Skopje: II exposition de printemps de DLUM — Pavillon d'art
1959 — Skopje: Velkov, Kunoski, Mazev — Foyer de DSVR
— Titograd: Exposition „L'art macédonien contemporain“
— Belgrade: Exposition „L'art macédonien contemporain“
— Skopje: XIV exposition de DLUM — Pavillon d'art
— Skopje: Exposition „15 ans de création artistique en Macédoine“ — Pavillon d'art
1960 — Skopje: I exposition du groupe „Mugri“ — Pavillon d'art
— Skopje: XV exposition de DLUM — Pavillon d'art
— Skopje: Exposition „Paysage macédonien“ — Galèrie d'art
— Skopje: IV exposition de printemps de DLUM — Pavillon d'art
1961 — Belgrade: Exposition de groupe „Mugri“ — Pavillon d'art
— Ohrid: Exposition „Les motifs d'Ohrid“ — Musée national
— Skopje: V exposition de printemps de DLUM — Pavillon d'art
— Skopje: Exposition d'automne de DLUM — Pavillon d'art
— Prilep: Exposition consacrée de 20 anniversaire de la Revolution nationale — Foyer de l'Armée
1962 — Dijon: Exposition „L'art macédonien contemporain“
— Rijeka: IIe Biennale des jeunes — Galèrie d'art moderne
— Skopje: Exposition „Skopje dans les oeuvres artistiques“ — Galèrie d'art
— Skopje: XVII exposition de DLUM — Pavillon d'art
— Skopje: Exposition „Portrait macédonien XIX—XX siècle — Galèrie d'art
1963 — Belgrade: Exposition de DLUM — Pavillon d'art

1964 — Skopje: Exposition de printemps de DLUM — Galèrie d'art
— Slovenj Gradec: Exposition „Les artistes macédoniens contemporains" — Pavillon d'art
— Skopje: Exposition d'automne de DLUM — Galèrie d'art
— London-Bradford: Exposition „Les artistes de Skopje"

1965 — Skopje: Exposition „L'art macédonien contemporain" — Assemblée de la RSM
— Skopje: Exposition „Skopje 1963 dans les oeuvres artistiques" — Musée de la ville de Skopje
— Skopje: Exposition de treize — Galèrie d'art
— Ohrid: Exposition „Dix artistes macédoniens" — Galèrie d'art
— Rime: Exposition „Arte in Macedonia, oggi" — Galèrie Penelope

1966 — Turin: Exposition „Arte macedone contemporanea" Galèrie d'art Botero
— Nuremberg, Stuttgart et Berlin Occidental: Exposition „Sechs jugoslawische Kunstler"
— Skopje: Exposition de printemps de DLUM — Galèrie d'art
— Bitola: Ivan Velkov — Petar Hadži Boškov — Galèrie d'art
— Skopje: Exposition d'automne de DLUM — Galèrie d'art

1967 — Skopje: Exposition „Les artistes macédonniens contemporains — tendances actuelles" Musée d'art contemporain
— Belgrade: III Trienale des Beaux-Arts
— Ohrid: Ivan Velkov — Petar Hadži Boškov — Galèrie d'art
— Bitola: Ivan Velkov — Petar Hadži Boškov — Galèrie d'art
— Skopje: Exposition „Aspects du dessin en Macédoine" — Musée d'art contemporain
— Beyrouth, Damas, Bagdad, Tripoli: Exposition „L'art yougoslave contemporain"

**Prix:**

Prix d'achat à l'exposition „Les motifs d'Ohrid" — Ohrid 1961

БИБЛИОГРАФИЈА (непотполна)

BIBLIOGRAPHIE (incomplète)

Димче Протугер: IX изложба на македонските ликовни уметници, Разгледи I 25 декември 1954, Скопје

Вилим Свечњак: Полна афирмација на македонските ликовни уметници, Нова Македонија, 12 февруари 1955, Скопје

Антоние Николовски: Десетта јубилејна изложба на ДЛУМ, Разгледи II 11 декември 1955, Скопје

Антоние Николовски: Годишната изложба на ДЛУМ, Разгледи III, декември 1956, Скопје

Здравко Блажиќ: XI изложба на ликовните уметници на Македонија, Хоризонт I, бр. 21, декември 1956, Скопје

Борко Лазески: Прва графичка изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, 31 март 1957, Скопје

П. В.: Савремена македонска графика, Политика, 16 ноември 1957, Белград

Антоние Николовски: Прва графичка изложба, Разгледи IV, 7 април, 1957 Скопје

Томе Момировски: Колективна изложба на графика од македонски ликовни уметници, Современост VII бр. 4, април 1957, Скопје

Антоние Николовски: Пролетна изложба на ДЛУМ, Разгледи IV, мај 1957, Скопје

Ѓорѓе Поповиќ: Македонска панорама, Борба, 18 ноември 1957, Белград

Антоние Николовски: Втора графичка изложба, Разгледи V, 7 април 1958, Скопје

Антоние Николовски: Пролетна изложба на ДЛУМ, Разгледи V, 1 јуни 1958, Скопје

К.: Иван Велков, Трудбеник, 30 август 1958, Скопје

Светозар Домиќ: Тринаесеттата годишна изложба на ДЛУМ, Современост бр. 1 јануари 1959, Скопје

Р. Пешиќ: Тројца сликари за својата изложба, Нова Македонија, 5 април 1959, Скопје

Борис Петковски: Три ликовни изложби во Скопје, Млад борец, 9 април 1959, Скопје

Јелена Мацан: Тројца млади сликари, Нова Македонија, 10 април 1959, Скопје

Светозар Домиќ: Групната изложба Велков—Куноски—Мазев, Современост бр. 5, мај 1959, Скопје

Александар Ѓурчинов: Импресии од сликарската изложба на Велков—Куноски—Мазев, Разгледи, јуни 1959, Скопје

Јелена Мацан: Интензивен подем, Нова Македонија, 7 декември 1959, Скопје

Антоние Николовски: ДЛУМ на XIV годишна изложба, Разгледи, февруари 1960, Скопје

Јелена Мацан: Ведрине запљускују са платна младога сликара, Слободна реч, 11 март 1960, Врање

Јован Димовски: Прв настап на „Мугри“, Културен живот, април 1960, Скопје

Јелена Мацан: Изложбата на групата „Мугри“, Нова Македонија, 17 април 1960, Скопје

Томе Момировски: Изложба на ликовната група „Мугри“, Современост X, бр. 5, мај 1960, Скопје

Антоние Николовски: ДЛУМ на IV пролетна изложба, Разгледи, јуни 1960, Скопје

Антоние Николовски: XV изложба на ДЛУМ, Културен живот V, бр. 9—10, ноември—декември 1960, Скопје

Ксенија Гавриш: „. . . Цел еден нов свет“, Нова Македонија, 21 октомври 1961, Скопје

Коле Чашуле: Немирот на Иван Велков, уводна реч на II-та самостојна изложба во Скопје 22 октомври 1961, Скопје

Томе Момировски: Од кубизам до апстракција, сон и потсвест, Современост XI, бр. 9, 1961, Скопје

Владо Урошевиќ: Изложбата на Велков, Млад борец, 2 ноември 1961, Скопје

Јован Димовски: Иван Велков — Нови ликовни медитации, Нова Македонија, 8 ноември 1961, Скопје

Борис Петковски: Самостојна изложба на Иван Велков, Културен живот, бр. 11—12, ноември—декември 1961, Скопје

Т.: Иван Велков у Београду, Борба, 23 март 1962, Белград

—: Маштање над апстракцијама, Новости, 28 март 1962, Белград

Р. Кузмановски: Мартовските ликовни изложби во Белград — осврт за самостојната изложба на Велков, Нова Македонија, март 1962, Скопје

Др Лазар Трифуновиќ: Иван Велков — Спој савременог и традиције, НИН, 1 април, 1962, Белград

Јелена Мацан: Македонски портрет XIX—XX век, предговор во каталогот, Уметничка галерија 1962, Скопје

Антоние Николовски: Ликовна хроника: Осврт за самостојната изложба на Иван Велков, Разгледи IV, бр. 5, 1962, Скопје

Јозо Бошковски: Мала ликовна галерија — Иван Велков, Вечер, 23 март, 1964, Скопје

Панде Ефтимов: Обоени патишта, Вечер, 13 мај 1965, Скопје

Марко Арсовски: Ликовен живот во Скопје, Млад борец, 13 мај 1965, Скопје

Цветан Грозданов: Десет современи македонски уметници, предговор во каталогот, Уметничка галерија, Охрид, 1965

Александар Ѓурчинов: Уводен збор по повод изложбата „Минијатури“, мај 1965, Скопје

Паскал Гилевски: Минијатурни експерименти, Нова Македонија, 15 мај 1965, Скопје

Миодраг Друговац: Егзистенција на боите во минијатурите на Иван Велков, Трудов инвалид, 1 јуни 1965, Скопје

М. К.: Изложба и без атељеа, Политика експрес, 23 јули 1965, Белград

С. Петровиќ: Иван Велков, Вечер, 16 август 1965, Скопје

Олга Спирковска: Разговор на изложба, Нова Македонија, 8 мај 1965, Скопје

Борис Петковски: Tradizione e prospetive dell'arte contemporanea in Macedonia, предговор за каталог на изложбата „Arte in Macedonia, oggi" во галеријата Пенелопе, 1965, Рим

Mostra acessibile soltanto ai pedoni, Vita, Milan, 2 декември 1965

Vice: L'arte macedone nella galeria Penelope, Paese Sera, 11 декември 1965, Рим

Dario Micachi: Ilustratori socialisti e informalisti macedoni, L'Unita, 15 декември 1965, Рим

V. Ap.: Artisti macedoni alla Penelope, La voce republicana, 21 декември 1965, Рим

Vice: Cronache d'arte di cultura, Galerie di Roma — Penelope, 28 декември 1965, Рим

Борис Петковски: Предговор за каталог на изложбата „Arte macedone contemporanea" во галеријата Ботеро во Торино, 1966

Marciano Bernardi: Dieci artisti macedoni in una mostra a Torino, La stampa, 8 јануари 1966, Торино

Борис Петковски: Tradion und neue Tendenzen in der zeitgenössischen Kunst Mazedoniens — предговор за каталогот на изложбата „Sechs jugoslawische Kunstler — Malerei und Plastik aus Mazedonien", 1966, Нирнберг

F. G.: Moderne Malerei und Plastik aus Mazedonien — Nürnberger Nachrichen, 9 април 1966

— Sechs jugoslawische Künstler, Ausstellung von Malerie und Plastik im Rathaus, aus „Stuttgarter Zeitung", 24 мај, 1966

— Mazedonische Ausstellung im Rathaus, aus der „Filderzeitung", 25 мај, 1966

— Mazedonische Malerei und Plastik aus „Cannstatter Zeitung", 25 мај 1966

— Junge Kunst aus Mazedonien im Rathaus, aus dem „Amtsblatt der Stadt Stutgart, 26 мај 1966

Борис Петковски: Успех на шестмината во Западна Германија, Нова Македонија, 3 јули 1966, Скопје

Олга Спирковска: Аграфија во Скопје или Париз, Вечер, 23 април 1967, Скопје

Борис Петковски: Аспекти на цртежот во Македонија, предговор за каталогот на изложбата во Музејот на современа уметност, декември 1967, Скопје

| | |
|---|---|
| издава | : музеј на современа уметност — Скопје |
| предговор | : цветан грозданов |
| припрема на текстот | : љубица дамјановска |
| поставка на изложбата | : стојан петровиќ |
| техничка опрема | : стојан петровиќ |
| фотографии | : киро георгиевски |
| печатено | : графички завод „гоце делчев“ — скопје |